Врз основа на член 20, од Законот за вршење на сметководствени работи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), а во врска со член 27 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, на седницата одржана на 30.06.2023 година доенесе

**ОДЛУКА**

На **членовите на Институтот** на сметководители и овластени сметководители кои при ажурирањето на веб страната на на Институтот заклучно со 15.02.2023 година кои **дале невистинити и несоодветни податоци** им се изрекува

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

**ЗАТОА ШТО:** При повикот за верификација на ажурирани податоци бр.0302/65 од 02.02.2023година од страна на Институтот заклучно со 31 јануар 2023 година, истите постапиле по законската обврска за ажурирање на податоците и дале изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците кои ги дале се вистинити, но при проверката која ја изврши Институтот односно споредбата на ажурираните податоци со доставените обрасци од старна на членовите издадени од АВРСМ се утврди дека истите дале несоодветни и лажни документи за тоа каде се вработени, додека дел дале вистинити документи кои се однесуваат на местото на вработување, меѓутоа веднаш по ажурирањето извршиле намерна промена на работното место.

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** членовите на Институтот кои дале невистинити и несоодветни податоци при ажурирањето заклучно со 31.01.2023 односно оние кои извршиле злоупотреба при ажурирањето во рок од 15 дена од денот на објавата на оваа Опомена да извршат ажурирање на податоците со внес на вистинити податоци, во спротивно Управниот одбор ќе пристапи кон одземање на лиценци и бришење од соодветниот регистар.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Институтот постапувајки по одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи (Сл.Весник 173/22) објави повик за верификација на ажурирани податоци бр.0302/65 од 02.02.2023година.

По законската обврска за ажурирање на податоците постапиле над 7.000 членови и притоа дале изјава под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците кои ги дале се вистинити.

Институтот пристапи кон проверка на ажурианите податоци во систем и доставените обрасци од АВРСМ од страна на членовите, при што по проверката се утврди дека 41 лице запишано во регистрите, дале несоодветни и лажни документи за тоа каде се вработени, додека 10 дале вистинити податоци кои се однесуваат на местото на вработување, меѓутоа веднаш по ажурирањето извршиле злоупотреба и го промениле работното место.

Вака констатираната состојба е спротивно на ЗВСР, и на законската и статутарно предвидената обврската на секој поединечен член за давање на вистинити податоци при ажурирањето, а особено и на електронски дадената изјава со која под морална, материјална и кривична одговорност лицата потврдуваат дека податоците кои ги дале се вистинити,

Со оглед да УО во смисла на член 20 став 3 точка 7 и 13 во врска со член 27 став 3 точка 7 и 13 и 30 од Статутот на Институот одлучува како за запишување така и за бришење од Регистрите, за издавање и одземање на лиценци, а особено што зазема ставови и донесува одлуки што се во интерес на сметководствената професија, па на седницата на 29.06.2023 година, по ргледување на сите списи констатираше злоупотреба. Поради констатираната злоупотреба одлучи во моментот да делува превентивно, но доколку злоупотребата продожи и не се постапи по задолжението дадено во оваа Одлука ќе се пристапи кон поригорозни мерки.

Поради наведеното, Управниот одбор при Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија ја донесе оваа ОДЛУКА за издавање на ЈАВНА ОПОМЕНА и одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател на УО**
**Весна Прентоска**

Барање за достава на верификација на податоци.pdf

Properties Download Print

ИСОС **Република Македонија**
**Институт на Сметководители**
**и Овластени Сметководители**

Институт на сметководители и овластени сметководители
*Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1, лок 132/133,*
*Скопје, Република Македонија*

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА
0302/65
02.02.2023 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Заради верификување на Вашите ажурирани податоци, а со цел исполнување на позитивните законски обврски предвидени во член 17 став (6) и член 20 став (20) (21) (22), Ве замолуваме во рок од 3 дена да ни доставите листа, односно преглед на пријави / одјави во задолжително социјално осигурување за лице во оригинална форма издадена од страна на Агенција за вработување на Република Северна Македонија.

Ви благодариме на разбирањето.

Со почит,

в.д. Претседател на ИСОС
Веска Прентоска